Врз основа на Член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година и Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 14/2024 од 8.7.2024 година), Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за изработка на Зелен катастар во Општина Карпош**

## Вовед

Со сè поголемиот број на граѓани кои избираат да живеат во градовите, значењето на урбаната животна средина постојано расте. Зелените површини се клучен дел од секој урбан простор, обезбедувајќи бројни еколошки, социјални, културни и економски придобивки. Дрвјата во парк-шумите, парковите, градините, дрворедите, училиштата, градинките, покрај улиците и плоштадите се најзначајните елементи на овие зелени простори, иако, нивната вредност често е недоволно нагласена и соодветно заштитена. Урбаното зеленило за разлика од шумите досега не добила валоризација каква што заслужува.

Во европските земји, на пример, шумите и зеленилото се веќе интегрирани во националните политики за управување со природните ресурси и обезбедување социајлни и еколошки услуги. Токму затоа, сè поголемо значење им се дава на рекреативните, здравствените и еколошките придобивки од зелените површини, што ги прави составен дел од концептот за одржливи и паметни градови („smart cities“).

Целта на оваа јавна набавка е попис на дрвја и грмушки од зеленилото во урбаните делови на Општина Карпош со што ќе се обезбедат податоци за состојбата на зеленилото кое е под надлежност на Општината, и ќе се придонесе кон заштита и зголемување на отпорноста на општината кон климатските промени и еколошките предизвици. Во 2018 година, Законот за урбаното зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) го воспостави правниот основ за попис на урбаното зеленило во нашата држава, правејќи го ова задолжителна активност  за сите општини.

Јавната набавка предвидува попис кој вклучува геореференцирање и одредување на карактеристиките на дрвјата и грмушките (вид, висина, здравствена состојба и др.) од јавните зелени површини во Општина Карпош. Овие податоци се неопходни за поефикасно управување со зеленилото и ќе послужат како основа за анализа на урбана отпорност.

## Техничка спецификација

Оваа задача подразбира ажурирање на постојната база на податоци за урбаното зеленило на Град Скопје со дополнителен попис дрвја и грмушки во јавните зелени

површини на Општина Карпош. Дрвјата и грмушките од приватни дворови не се предмет на овој попис. Собраните податоци ќе бидат интегрирани во Зелениот Катастар на град Скопје.

<u>Обврски на економскиот оператор</u>

Изведувачот треба да ги изврши следните задачи:

1. Писмен извештај за изработен зелен катастар;
2. Географски координати за секоја попишана точка (дрвја/грмушки) и нивно внесување во базата на Зелен катастар на град Скопје;
3. Класификација на дрвенестите таксони (дрво или грмушка) според вид и форма;
4. Детерминација на видот со научен (латински) назив;
5. Геодетско снимање само на дрвенестите таксони со точност од +/- 1м;
6. Одредување на морфолошките атрибути на одредениот вид:
   - Пречник на дебло на дрвото;
   - Широчина на крошна на дрвјата;
   - Висина на дрвјата;
   - За грмушки се внесува само височината на грмушките;
7. Дополнителни здравствени атрибути:
   - Оштетувања и наваленост кај дрвјата;
   - Оштетување и болест кај грмушките;
8. Фотографирање на секое дрво и грмушка.

Изведувачот потребно е да направи детално снимање, гео-референцирање и попишување на сите дрвенести таксони на зелената површина - локации кои ќе бидат дефинирани од страна на Општина Карпош и се под надлежност на Општина Карпош.

Носителот на набавката потребно е да достави извештај за бројот на сите попишани точки (дрвја и грмушки) во пишана форма и истите треба да бидат внесени во базата на Општина Карпош. Сумарниот извештај треба да ги содржи следните поглавја:

### Поглавје I

Гео-референцирање и регистрација на дрвјата и грмушките во Македонскиот координативен систем. На секоја точка ќе биде даден и соодветен ID број кој на некој начин ќе претставува т.н. лична карта на одредениот дрвенест таксон (дрво или грмушка).

### Поглавје II

1. Одредување дали се дрвја/грмушки, зависно од видот и формата;

2. Класификација на дрвенестите таксони (дрво или грмушка) според вид и форма;
3. Одредување на морфолошките атрибути на одредениот вид:
   - Пречник на дебло на дрвото;
   - Широчина (пречник) на крошната на дрвјата;
   - Висина на дрвјата;
   - За грмушки се внесува само височината на дрвјата;
4. Дополнителни здравствени атрибути:
   - Оштетувања кај дрвјата;
   - Наваленост кај дрвјата;
   - Оштетување кај грмушките;
   - Болест кај грмушките;
5. Фотографија од секое дрво/грмушка.

Поглавје III

Интеграција на активностите од Поглавје I и Поглавје II и добивање на една оперативна база од попишаното урбано зеленило.

Рок на реализација

Рокот предвиден за реализација на активноста е 30 дена по добивање на налог за отпочнување со работа.

Предвидени средства

Оваа активност ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Карпош, Секторот за екологија и енергетска ефикасност, во висина од 200.000 денари, согласно со Акцискиот план за 2024 година.

Основни критериуми

Основни критериуми што треба да ги исполнуваат граѓанските организации кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Граѓански организации треба да се основани во Република Северна Македонија најмалку 12 месеци пред официјалниот датум на отворање на повикот за апликации[1].
- Да се регистрирани според Законот за Здруженија на граѓани и фондации.

[1] Граѓанска организација е секоја асоцијација, фондација, унија, како и секоја организациска форма на странска организација, или која било друга форма на здружување, регистрирана во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес посебно од областа на екологијата и заштитата на животната средина.

<u>Потребна документација што граѓанските организации треба да ја достават со Предлог проектот</u>

Граѓанските организации кои учествуваат на огласот треба да достават следната придружна документација:

1. Тековна состојба од Централен регистар на Р. Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци
2. Статут или основачки акт (последна верзија)
3. Изјави за ангажман на стручни лица вклучени во изработка на оваа набавка
4. Референтна листа на изработени претходни проекти (искуство во изработка на проекти за Зелен катастар со информации – донатор, средства и година)
5. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат

Напомена: **Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат**.

<u>Рок и начин на доставување на пријавите</u>

Рокот за поднесување на пријавите е 7 (седум) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта или на адреса: ул. „Радика“ бр. 9 (барака 2-архива) од 07:30 до 15:30 часот.

Учесниците на јавниот повик, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

<u>Доставување извештај</u>

Граѓанската организација на која ќе и бидат доделени средства во согласност со Програмата и Акцискиот План, по завршувањето на своите предвидени активности ќе достави финален Извештај со потврда за попишани дрвја и грмушки на територија на Општина Карпош и нивно внесување во базата на Зелениот катастар на град Скопје. Извештајот ќе биде доставен до Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош.